Машински факултет

ПРЕДЛОГ

бр.02-
29.12.2009 година
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 29.12.2009 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за наградување на студенти кои постигнале натпросечен успех во студирањето

1. На студентите од Машинскиот факултет во Скопје кои во учебната 2008/09 година ја завршиле I, II и III студиската година на академски студии, односно I и II студиска година на професионални студии со постигнат просечен успех од 9,50 и повисок, како и студентите кои дипломирале по ЕКТС во календарската 2009 година, а постигнале просечен успех во студирањето од 9,00 и повисок ќе се доделува пофалница за постигнатиот успех и награда - комплет пенкала.

2. Наградувањето на студентите од точка еден ќе се врши, според следниве услови:
- постигнат просечен успех во студиската година од најмалку 9,50 односно во текот на студиите по ЕКТС од најмалку 9,00;
- за студентите кои ја завршиле I, II и III студиската година на академски студии, односно I и II студиска година на професионални студии навремено ликвидирање на испитите од студиската година, односно заклучно со септемвриската испитна сесија;
- за дипломираните студенти до крајот на студиската година (30.09.2009 год.);
- континуитет во запишување на студиските години (студентот да не повторувал студиска година).

4. Наградувањето ќе се врши на промоцијата на дипломирани студенти во календарска 2009 година, на која завршените студенти ќе добијат и пригодни подароци.

5. Трошоците за набавка на наградите и пригодните подароци да се покријат од средства на Машински факултет.

6. Наградувањето ќе се врши врз основа на евиденцијата со која располага Службата за студентски прашања на Факултетот.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентската служба, огласна табла, општа служба, сметководство и архивата на МФ.

Д е к а н

Проф. д-р Атанас Кочов